ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-191/9**

**Дата: 04.03.2011**

**ДО**
**ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА**
**УНИВЕРЗИТЕТСКИ СТОМАТОЛОШКИ КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР**
**"СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН" СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон" Скопје (во натамошниот текст Стоматолошки клинички центар) за 2009 година.

Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2002 година и е издадено негативно мислење и дадени се 7 препораки.
За дадените препораки содржани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2002 година, ревизијата констатира дека четири препораки се целосно спроведени и три препораки не се спроведени.

Врз основа на резултатите од ревизијата, ние не бевме во можност да изразиме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, а за прашањата во врска со усогласеноста на активностите, финансиските трансакции, информациите со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики, рефлектирани во финансиските извештаи за 2009 година изразивме негативно мислење.

Стоматолошки клинички центар и во текот на 2009 година извршува здравствени услуги од областа на примарната здравствена заштита во износ од 37.742 илјади денари кои Стоматолошки клинички центар ги фактурира до

ФЗОМ. Извршувањето на здравствени услуги кои не се предвидени со Законот за здравствена заштита создава ризик од намалување на квалитетот на услугите кои со закон му се доверени на извршување на Стоматолошкиот клинички центар. Со измените и дополнувањето на Законот за здравствена заштита предвидена е можноста Универзитетски стоматолошки клинички центар да врши и примарна стоматолошка здравствена заштита.

Стоматолошки клинички центар во текот на 2009 година остварува приходи во вкупен износ од 27.747 илјади денари од страна на Стоматолошки факултет, по основ на Договор за уредување на меѓусебните права и обврски во процесот на вршење на образовната и научноистражувачката дејност, за кои на ревизијата не и беа презентирани уредни и веродостојни документи за критериумите за распределба на истите. Извршена е исплата на средства за сите вработени без разлика дали имаат соодветно звање, или учествувале во образовната или наставно-научна и истражувачка дејност.
Во текот на 2010 година склучена е спогодба за уредување на меѓусебните односи во врска со плаќање на материјалните и режиските трошоци за практична настава на студентите и специјализантите, помеѓу Стоматолошки факултет и Стоматолошки клинички центар, со која точно е определена висината и намената на средствата кои Стоматолошки клинички центар ги остварува како приход од Стоматолошки факултет.

Со извршената ревизија на начинот на пресметување и фактурирање на обезбедените здравствени услуги за кои ФЗОМ нема утврдено референтни цени, констатирано е дека од страна на Стоматолошки клинички центар не се превземени потребни мерки за донесување на акт за начинот на утврдување на цените на здравствените услуги, нивно донесување без обезбедување согласност од Министерство за здравство, што создава можност за фактурирање на здравствените услуги по нереални цени.
Ревизијата препорачува надлежните органи за управување и раководење со Стоматолошки клинички центар да превземат активности за донесување на акт за критериумите, нормативите и стандардите за начинот на утврдување на висината на цените на здравствените услуги, нивно донесување од надлежните органи и обезбедување согласност од Министерството за здравство.

Стоматолошки клинички центар не превземал мерки за комплетирање на поткрепувачката документација кон фактурите за извршени здравствени услуги кои паѓаат на товар на ФЗОМ, ниту пак обезбедил нивно одложување и архивирање.

Ревизијата препорачува надлежните органи за управување и раководење со Стоматолошки клинички центар да превземат активности за задолжување на лицата одговорни за формирање и документирање на извршените услуги и нивното фактурирање да се врши врз основа на уредни и веродостојни документи и да се обезбеди нивно одложување и архивирање.

Воспоставена е пракса издавањето на стоматолошки потрошен материјал од магацинот за потребите на одделните организациони единици (клиники), каде се формираат помошни магацини, да се издава по пат на требување и испратници, при што се врши веднаш намалување на залихите на стоматолошки потрошен материјал, без разлика што истите се уште не се потрошени, се на залиха во поодделните организациони единици (клиники) и не се реален потрошок во пресметките за извршените услуги, со што се создава висок ризик од злоупотреба на наведените материјали за приватни цели и можност од незаконско и ненаменско користење на средствата.
Ревизијата препорачува надлежните органи за управување и раководење со Стоматолошки клинички центар да превземат активности за пропишување и донесување на политики за начинот на водење на залихите на потрошните материјали, нормативи за потрошокот на секој вид здравствена услуга и нивно поврзување со пресметките за извршените услуги.

Стоматолошки клинички центар со состојба 01.01.2009 година има депонирани средства во деловните банки во износ од 81.019 илјади денари кои потекнуваат од минати години, без притоа истите да бидат искажани во финансиските извештаи како приход во 2009 година. Во текот на 2009 година средствата од депозитот се целосно искористени за исплата на плати и доспеани обврски. Истите не се предвидени во Финансискиот план за 2009 година, не се утврдени намените за нивно користење, а исплатите се вршени без истите да бидат одобрени во наведениот план од страна на ФЗОМ.

При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2008 и 2009 година, ревизијата констатира одредени состојби кои упатуваат на несоодветното постапување во доделувањето на договорите за јавна набавка, вршени се набавка на стоки, работи и услуги во износ поголем од 500 евра месечно без да се спроведат постапки за јавна набавка, превземени се обврски по склучени договори за набавка на услуги без да се спроведе постапка за јавна набавка, во 2 спроведени постапки за јавна набавка решавано е по жалби од економските оператори, извршена е промена на тендерската документација во делот на потребните

количини за набавка, без притоа одговорното лице да донесе одлука за поништување на постапката.
Ваквата состојба предизвикува можност од ненаменско и незаконско користење на средствата и не обезбедување фер конкуренција, не еднаква и не дискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките, како и набавки по повисоки цени.

Вкупните расходи за плати во текот на 2009 година изнесуваат 185.801 илјади денари. Ако се има во предвид дека буџетскиот плафон за 2009 година изнесува 103.124 илјади денари, произлегува дека Стоматолошкиот клинички центар не извршува доволен обем на здравствени услуги, со чие надоместување од страна на ФЗОМ ќе обезбеди доволен обем на средства за нивна исплата во наредните години. Изворот на средства за покривање на целокупните расходи потребни за непречено функционирање, Стоматолошки клинички центар ќе треба да ги обезбедува со дополнителни средства со извршување на услуги за лица кои не се здравствено осигурени.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страна 24-26 заедно со ревизија на усогласеност на Универзитетски стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон" Скопје, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капитални средства за 2009 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2002 година и е издадено негативно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од :

- Д-р Ариан Даци, в.д. Директор на Стоматолошки клинички центар до 11.11.2009 година, а од 11.11.2009 година, директор;
- Дипл. економист, Дејан Илиоски, Директор на Стоматолошки клинички центар од 11.11.2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите,

финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Стоматолошки клинички центар се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Поради прашањата опишани во делот „Цели и делокруг на ревизија„, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Не се обезбедени достатни и соодветни податоци за вкупната залиха и вкупниот потрошок на лекови и стоматолошки потрошен материјал на ниво на одделение, односно воспоставената пракса издавањето на лекови и стоматолошки потрошен материјал од магацинот за потребите на одделните организациони единици (клиники) да се врши по пат на требување и испратници, при што веднаш се намалува залихите на стоматолошки потрошен материјал, без

разлика што истите се уште не се потрошени, се на залиха во пооделните организациони единици. Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 18.10.2010 до 10.11.2010 година и од 15.11.2010 до 22.11.2010 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2002 година. Резултатите од оваа ревизија се дадени во прилог број 1.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија на ден 22.12.2010 година.
На ден 24.02.2011 година примени се забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор заведени под бр.09-191/8 година.
Примените забелешки се разгледани и констатирано е дека забелешката на точката 4.5.1. **не се прифаќа** поради тоа што доставените забелешки претставуваат информирање за причините за утврдените состојби, без притоа да се презентираат веродостојни докази со кои ќе се оспорат или променат утврдените состојби од страна на ревизијата.

Текстот на забелешките по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор и одговорот на забелешките се дадени во прилог кон Конечниот извештај.

## 4.1. Интерни контроли

**Процес на управување со готовинските средства**

4.1.1. Стоматолошки клинички центар нема пишани процедури за процесот на наплата, уплата во благајна и пренос на готовинските средства на сметка во носителот на платниот промет и нивно евидентирање, како приход остварен по основ на извршени здравствени услуги за лица кои не се здравствено осигурени и по основ на партиципација. Поради отсуството на соодветни процедури и постапки за контрола на степенот на наплатените и уплатените средства по наведените основи, постои ризик од нецелосна евиденција на приливот и одливот на паричните средства во благајната како и ризик од можни злоупотреби на истите, кој овозможува незаконско и ненаменско користење на средствата.

Ревизијата со спроведените детални тестирања не констатира неправилности во однос на законското и наменското располагање со готовинските средства.

**Процес на јавни набавки**

4.1.2. При оценка на системот на интерни контроли на процесот на јавни набавки, констатирано е дека воспоставените контролни системи не се доволни за да се избегне ризикот од не доследно почитување на законските и подзаконските акти во наведениот процес, односно вршење на набавка на стоки, услуги и работи по најповолни цени и услови, превземање на обврски во поголем износ од обезбедените финансиски средства, како и следење на реализацијата на склучените договори.

**Процес на управување и евидентирање на залихи**

4.1.3. Стоматолошки клинички центар нема пишани процедури за процесот на прием, издавање, потрошок и евидентирање на залихата на лекови и стоматолошки медицински потрошен материјал во рамките на магацинот и во рамките на секоја организациона единица одделно. Ваквата состојба предизвикува ризик искажаните податоци да не ја отсликуваат реалната состојба на залихите на Стоматолошки клинички центар како и нивниот потрошок во текот на годината и постои можност од злоупотреба при нивно користење и располагање.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење со Стоматолошки клинички центар да превземат мерки за донесување, воспоставување и непречена примена на интерни акти, кои ќе овозможат имплементирање на процедури во сите сегменти од работењето.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Заклучно со 11.11.2009 година како работоводен орган, директор на Стоматолошки клинички центар именувано е едно лице, вршител на дејноста (в.д.) директор од областа на медицината што не е во согласност со член 137 од Законот за здравствена заштита согласно кој „Работоводниот орган на јавната здравствена установа се состои од две лица кои се подеднакво одговорни за работењето на јавната здравствена установа и за обврските што се преземаат во правниот промет. Едното лице кое се именува за директор треба да има завршено високо образование од областа на медицинските или стоматолошките науки,.... Другото лице кое се именува за директор треба да има завршено високо образование од областа на економските науки или јавно здравствениот менаџмент,.....„. Неименувањето на потребните лица кои го сочинуваат работоводниот орган на Стоматолошки клинички центар не овозможува подеднаква одговорност на две лица во работењето и во превземањето на обврските во правниот промет.

Ревизијата не дава препорака бидејќи од страна на Министерството за здравство донесено е Решение за именување на директор на ЈЗУ Универзитетси стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон" Скопје број 10-9099/1 од 11.11.2009 година, со што се именувани две лица како работоводен орган на Стоматолошки клинички центар.

4.2.2. Управниот одбор на Стоматолошки клинички центар на ден 26.02.2008 година донесува Статут, за кој е добиена согласност од министерот за здравство на ден 24.03.2008 година. Дел од одредбите на статутот кои предвидуваат ..."во вршење на образовна и научно-истражувачка дејност стоматолошки клинички центар врши превентивна, примарна и специјалистичко консултативна стоматолошка здравствена заштита" не се усогласени со одредбите на член 109 од Законот за

здравствена заштита согласно кој: "…..клиничкиот центар врши специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита….". И покрај ваквата состојба Стоматолошки клинички центар континуирано и во текот на 2009 година ги извршува наведените здравствени услуги и од областа на примарната здравствена заштита и истите изнесуваат 37.742 илјади денари, кои Стоматолошки клинички центар ги фактурира до ФЗОМ. Извршувањето на здравствени услуги кои не се предвидени со Законот за здравствена заштита, создава ризик од намалување на квалитетот на услугите кои со закон се доверени на извршување на Стоматолошкиот клинички центар.

Со измените и дополнувањето на Законот за здравствена заштита („Службен весник на Р.М." број 88/2010) предвидена е можноста Стоматолошки клинички центар да врши и примарна стоматолошка здравствена заштита, за што има добиено одобрение од Министерот за здравство и склучен е договор со ФЗОМ, поради што ревизијата не дава препорака за утврдената состојба.

4.2.3. Помеѓу Стоматолошки клинички центар и Стоматолошки факултет Скопје склучен е Договор за уредување на меѓусебните права и обврски во процесот на вршење на образовната и научноистражувачката дејност. Врз основа на одредбите од договорот во текот на 2009 година Стоматолошки клинички центар остварил приходи во вкупен износ од 27.747 илјади денари, за кои на ревизијата не и беа презентирани уредни и веродостојни документи за критериумите за распределба на истите. Со ревизијата на актите кои го уредуваат начинот на распределба/исплата на погоренаведените средства ревизијата ги констатира следните состојби:

- согласно донесената одлука од страна на Управниот одбор, во текот на 2009 година се врши исплата на наставен денар на сите вработени без разлика дали имаат соодветно звање, дали воопшто учествувале во образовната или наставно-научна и истражувачка дејност, поради што исплатени се средства во износ од 8.826 илјади денари, на вработени кои не ги исполнуваат условите за примање на наведениот надоместок;
- на вработените кои вршат образовна и наставно-научна и истражувачка дејност и избрани во звања, во текот на 2009 година им се исплатени средства во износ од 10.983 илјади

денари, без притоа да постои соодветен акт за начинот на распределба и исплата на наведените средства;

- вработените кои се вклучени во образовната и наставно – научната и истражувачката дејност согласно Спогодбата за уредување на меѓусебните односи во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност и за уредување на работниот однос на наставниците и соработниците помеѓу Стоматолошки факултет Скопје и Стоматолошки клинички центар, склучена во месец мај 2009 година, правата и обврските од работен однос треба да ги остваруваат во двете установи, правото на плата и надоместоци на плата да го остваруваат сразмерно на работното време поминато во двете установи, пресметката и исплатата треба да ја вршат двете установи. Во текот на 2009 година не се превземени активности за склучување на договор за вработување и уредување на мегусебните права и обврски со наведените лица и институции, а правото на плата и надоместоци на плата ги остваруваат само од Стоматолошки клинички центар Скопје.

Погоренаведените состојби не се во согласност со одредбите на член 14 од наведената спогодба, одредбите на член 28 од Законот за работните односи и одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Утврдената состојба влијае на неможноста за потврдување на комплетноста на приходите, намалување на квалитетот на финансиските извештаи, информациите кои ги даваат истите, како и незаконски исплати на средства.

Ревизијата не дава препорака, бидејки во текот на 2010 година се превземени следните активности:

- Склучена е Спогодба за уредување на меѓусебните односи во врска со плаќање на материјалните и режиските трошоци за практична настава на студентите и специјализантите број 03-524/1 од 12.03.2010 година помеѓу Стоматолошки факултет и Стоматолошки клинички центар, со која точно е определена висината и намената на средствата кои Стоматолошки клинички центар ги остварува како приход од Стоматолошки факултет;

- Управниот одбор на Универзитетски стоматолошки клинички центар донесува Одлука за укинување на Одлуката за исплата на наставен денар за сите вработени и
- Лицата избрани во звања во текот на 2010 година отпочнале со склучување на поединечни договори за вработување во двете установи, сразмерно на времето поминато за вршење на соодветната дејност.

4.2.4. Помеѓу Стоматолошки клинички центар и ФЗОМ склучен е Договор за пружање и плаќање здравствени услуги во специјалистичко-консултативната здравствена заштита со кој се уредени меѓусебните права и обврски. Вредноста на склучениот договор изнесува 113.323 илјади денари. Во текот на 2009 година, поради намален вид и обем на здравствени услуги (член 8 од склучениот договор), извршени се измени на буџетскиот плафон, односно намален е надоместокот утврден со склучениот договор во износ од 10.199 илјади денари и истиот изнесува 103.124 илјади денари. Од извршениот увид во склучениот Записник за усогласување на меѓусебните права и обврски помеѓу Стоматолошки клинички центар и ФЗОМ ревизијата констатира дека ФЗОМ исплатил средства на име аванси во износ од 103.124 илјади денари, додека Стоматолошки клинички центар прикажува дека извршил услуги во износ од 117.036 илјади денари (извршени здравствени услуги од областа на специјалистичко консултативна здравствена заштита во износ 79.294 илјади денари и од областа на примарна здравствена заштита во износ 37.742 илјади денари). ФЗОМ не ги признава извршените услуги од страна на Стоматолошки клинички центар поради непотполност на поткрепувачката документација кон фактурите, ниту пак континуирано превземал мерки за намалување на утврдените средства согласно остварениот вид и обем на извршени здравствени услуги. Стоматолошки клинички центар не превземал мерки за комплетирање на поткрепувачката документација кон фактурите ниту пак обезбедил нивно одложување и архивирање. Утврдената состојба влијае на неможност од потврдување на веродостојноста на извршените услуги и оневозможување на практикување на член 68-а од Законот за здравствено осигурување каде е уредено дека

ФЗОМ се јавува во улога на купувач на здравствените услуги. И покрај наведената состојба во текот на 2009 година не е извршена контрола од страна на ФЗОМ.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Стоматолошки клинички центар да превземат активности за задолжување на лицата одговорни за формирање и документирање на извршените услуги и нивно фактурирање, да се врши врз основа на уредни и веродостојни документи и да се обезбеди нивно одложување и архивирање.

Надлежните органи на ФЗОМ висината на средствата утврдени со договорот да ја утврдат во рамките на извршените здравствени услуги.

4.2.5. Помеѓу ФЗОМ и Стоматолошки клинички центар склучен е договор за извршување и плаќање здравствени услуги во специјалистичко консултативна здравствена заштита. Согласно член 7 од наведениот договор уредени се цените на здравствените услуги и начинот на пресметување и плаќање на обезбедените здравствени услуги. Со извршената ревизија на начинот на пресметување и фактурирање на обезбедените здравствени услуги за кои ФЗОМ нема утврдено референтни цени, ревизијата констатира:

- не е обезбедена согласност на Ценовникот за здравствените услуги од страна на Министерот за здравство, донесен од страна на управниот одбор,
- вршени се измени на Ценовникот за здравствените услуги со известување од страна на директорот, без одлука од страна на Управниот одбор и
- не се презентирани уредни и веродостојни документи за документирање на критериумите, нормативите и стандардите за утврдување на висината на материјалните трошоци кои се вклучени во вкупната цена на извршените услуги.

Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на член 130 став 1 од Законот за Здравствена заштита. Не превземањето на потребните мерки за потврдување на начинот на утврдување на цените и нивно донесување без обезбедување согласност од надлежните органи, создава можност за фактурирање на здравствените услуги по нереални цени и остварување на приходи за кои ревизијата не беше во можност да се увери во реалноста и објективноста на истите.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Стоматолошки клинички центар да превземат активности за документирање на критериумите, нормативите и стандардите за начинот на утврдување на висината на цените на здравствените услуги, нивно донесување од надлежните органи и обезбедување согласност од Министерството за здравство.

4.2.6. За непречено извршување на здравствените услуги, во текот на 2009 година употребен е стоматолошки материјал во износ од 19.494 илјади денари. Воспоставена е пракса издавањето на стоматолошки потрошен материјал од магацинот за потребите на одделните организациони единици (клиники), каде се формираат помошни магацини, да се издава по пат на требовање и испратници, при што се врши веднаш намалување на залихите на стоматолошки потрошен материјал, без разлика што истите сеуште не се потрошени, се на залиха во пооделните организациони единици (клиники). Евиденцијата за реалниот потрошок на стоматолошкиот потрошен материјал е искажана во пресметките за извршените услуги. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на Правилникот за сметководство за буџет и буџетски корисници, Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и создава висок ризик од злоупотреба на наведените материјали за приватни цели и можност од незаконско и ненаменско користење на средствата.

Ваквата состојба има за ефект ограничување на делокругот на вршење на ревизијата, истиот е материјален, поради што ревизијата не беше во состојба да прибави достатни соодветни ревизорски докази за да изрази мислење за залихите и реалните расходи на лековите и стоматолошкиот потрошен материјал.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Стоматолошки клинички центар да превземат активности за пропишување и донесување на политики за начинот на водење на залихите на потрошните материјали, нормативи за потрошокот на секој вид здравствена услуга и нивно поврзување со пресметките за извршените услуги.

4.2.7. Во известувачкиот период Стоматолошки клинички центар на име надоместок за ангажирани лица преку агенции за привремени вработувања исплатил средства во износ од 7.695 илјади денари. Бројот на ангажираните лица изнесува 25 лица, за работни места кои се предвидени во актот за систематизација, без притоа Стоматолошки клинички центар да обезбеди согласност од страна на надлежните органи односно од Министерство за финансии. Ваквата состојба не е во согласност со член 19 од Законот за извршување на Буџетот на РМ и член 51 од Законот за буџетите. Утврдената состојба има за ефект незаконска исплата на средства и можност од субјективен пристап при одлучувањето за потреба од ангажирање на вработени. Стоматолошки клинички центар достави Известување број 03-70/1 од 13.01.2011 година, согласно кое на лицата ангажирани преку агенции за привремени вработувања заклучно со 31.01.2011 година им е престанат работниот однос.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење со Стоматолошки клинички центар вработувањето на работници да го вршат под услов ако за тоа се обезбедени средства и согласност од надлежните органи, за работни места предвидени во актот за систематизација.

4.2.8. Стоматолошки клинички центар нема основано Единица за внатрешна ревизија, што не е во согласност член 29 и член 30 од Закон за јавна внатрешна финансиска контрола. Поради невоспоставена внатрешна ревизија, раководството на Стоматолошки клинички центар нема информации за постоење и функционирање на интерните контроли, информации за веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните активности при работењето и усогласеноста со законите и подзаконските акти.

**Препорака:**
Работоводниот орган на Стоматолошки клинички центар, во актите за систематизација на работните места да предвиди и да имплементира Единица за внатрешна ревизија.

## 4.3. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.3.1. Во деловните книги на Стоматолошки клинички центар евидентирани се материјални средства/градежни објекти чија сегашна набавна вредност изнесува 54.109 илјади денари. На ревизијата не и се презентирани уредни документи дека надлежните органи ги превземале потребните мерки за запишување на правото на користење или сопственост на наведените градежни објекти во јавните книги и правото на користење на земјиштето на кое се изградени градежните објекти. Утврдената состојба не е во согласност со Законот за катастар и Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Непревземените активности за упишување на правото на користење или сопственост на недвижностите и обезбедување на веродостојни документи-имотен лист создава ризик од нереално и необјективно прикажување на материјалните средства во Билансот на состојба.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Стоматолошки клинички центар да ги превземат потребните активности за обезбедување на потребните акти од надлежните органи и извршат упишување на правото на сопственост или користење на недвижностите (градежните објекти и земјиште).

4.3.2. Стоматолошки клинички центар со состојба 01.01.2009 година има депонирани средства во деловните банки во износ од 81.019 илјади денари кои потекнуваат од минати години, евидентирани на сметката побарувања за дадени депозити, без притоа истите да бидат искажани во финансиските извештаи како приход во 2009 година (на сметката пренесен вишок на приходи од претходна година). Во текот на 2009 година средствата од депозитот се целосно искористени за исплата на плати и доспеани обврски. Истите не се предвидени во Финансискиот план за 2009 година, не се утврдени намените за нивно користење, а исплатите се вршени без истите да бидат одобрени во наведениот план од страна на ФЗОМ. Ваквата состојба не е во согласност со член 37 од Законот за буџетите и придонесува Стоматолошки клинички центар да користи средства без одобрение на Управниот одбор, од ФЗОМ како и нивно трошење без утврдени намени.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење со Стоматолошки клинички центар годишниот план за приходи и расходи, неговото донесување, извршување, измени и дополнувања да го вршат по добиена согласност од страна на ФЗОМ.

4.3.3. Со извршената анализа на финансиските извештаи на Стоматолошки клинички центар констатиравме дека проценувањето на билансите позиции не е извршено согласно сметководственото начело на парично искажување. Ваквиот начин на евидентирање не е во согласност со член 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници поради што спроведени се несоодветни прикажувања на финансиските трансакции во тековната и во минати години, искажана загуба од работењето во износ од 83.602 илјади денари и неусогласеност помеѓу средствата и изворите на средства во финансиските извештаи во износ од 116.443 илјади денари.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење со Стоматолошки клинички центар да спроведат вонреден попис со кој ќе се утврдат активности, ќе се превземат мерки и ќе се дадат предлози за надминување на утврдените разлики и отстапувања на билансните позиции.
Одговорните лица во Службата за заеднички работи за вршење на сметководствени финансиски работи, проценувањето на билансните позиции да го вршат согласно сметководственото начело на парично искажување.

## 4.4. Финансиски извештаи

### Биланс на приходи и расходи

4.4.1. Врз основа на буџетскиот плафон утврден од страна на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со Одлуката за утврдување на буџетски плафони на ЈЗУ за 2009 година, Стоматолошки клинички центар изработува Финансиски план на одобрените средства за 2009 година (Проекција на приходи и расходи) со утврдени намени за нивно користење. Во текот на месец септември и ноември 2009 година, поради намален обем на извршени здравствени услуги, од страна на Управниот одбор на ФЗОМ извршено е намалување на буџетскиот плафон на

Стоматолошки клинички центар во вкупен износ од 10.199 илјади денари, за кој износ не е извршено усогласување на финансискиот план со одобрените средства што не е во согласност со Законот за буџетите. Ваквата состојба придонесува Стоматолошки клинички центар да нема увид во наменското користење на средства.

Со измените на Законот за здравственото осигурување, почнувајќи од 01.01.2011 година, се менува системот за финансирање на ЈЗУ, во однос на начинот и роковите на изготвување на годишниот план за приходи и расходи, негово донесување, извршување, изменување и дополнување.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење со Стоматолошки клинички центар да врши измена на годишниот план за приходи и расходи по видови намени, согласно секоја измена на одобрените средства од страна на ФЗОМ.

## 4.5. Користење на средства согласно законски прописи

4.5.1. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки, спроведени во 2008 и 2009 година, извршивме ревизија на 15 постапки од вкупно 25 спроведени постапки. Опфативме 99% од вредноста на склучените договори во износ од 63.562 илјади денари, при што констатиравме состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки, поради следново:

- Членовите на Комисијата за јавни набавки немаат потпишано Изјави за постоење или непостоење на судир на интереси кои се составен дел од документацијата за соодветната постапка за јавна набавка, што не е во согласност со член 173 од Законот за јавни набавки;
- Стоматолошки клинички центар вршел набавка на стоки, работи и услуги во износ поголем од 500 евра месечно, без да спроведе постапки за јавна набавка. Утврдената состојба не е во согласност со член 11 од Законот за јавни набавки;
- Превземени се обврски во вкупен износ од 3.203 илјади денари, по склучени договори за набавка на услуги без спроведена постапка за јавна набавка, што не е во согласност со член 17 од Законот за јавни набавки. (Прилог број 2);

- Не е извршена измена и дополна на Годишниот план за јавни набавки за 2009 година за спроведени 3 постапки за јавна набавка во износ од 839 илјади денари. Утврдената состојба не е во согласност со член 26 од Законот за јавни набавки;
- Во 2 спроведени постапки за јавна набавка на канцелариски материјали и стоматолошки потрошен материјал во вкупен износ од 18.044 илјади денари до Комисијата за јавна набавка при Стоматолошки клинички центар поднесени се приговори од страна на незадоволните економски оператори од постапката, по кои одлучила Комисијата за јавна набавка. Економските оператори и Стоматолошки клинички центар приговорите не ги доставиле во вид на жалба до Државна комисија за жалби по јавни набавки. Утврдената состојба не е во согласност со член 200 и член 214 од Законот за јавни набавки, каде е наведено дека "жалбата се изјавува до Државна комисија за жалби по јавни набавки која е надлежна за решавање по жалби во постапките за доделување на договори за јавни набавки пропишнаи со законот......., жалбата истовремено се поднесува и до договорниот орган и до Државната комисија за жалби". Ваквиот начин на решавање по приговор од незадоволните економски оператори не е во согласност со одредбите за правна заштита во Законот за јавни набавки и придонесува да се избегне предвидената постапка за правна заштита, а со тоа и да не настанат дејствијата кои ги предизвикува жалбата согласно член 217 од Законот за јавни набавки;
- Спроведена е постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас во износ од 1.500 илјади денари, што не е во согласност со видот на постапката наведен во донесената Одлука за јавна набавка, во која е наведено дека набавката ќе се спроведе по пат на отворена постапка. Утврдената состојба не е во согласност со член 28 од Законот за јавни набавки.
- Стоматолошки клинички центар не го известил Бирото за јавни набавки за склучен договор во износ од 580 илјади денари по претходно спроведена постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас за набавка на осигурителни услуги. Утврдената состојба не е во согласност со член 103 од Законот за јавни набавки. Со не објавувањето на склучените договори за јавна набавка на страницата на Бирото за јавни набавки не се обезбедува транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договорите за јавна набавка.

- Склучен е анекс на договор за јавна набавка за дополнителна набавка на стоматолошки потрошен материјал во износ од 628 илјади денари, односно вредноста на дополнителните набавки ги надминува законски дозволените 30% од вредноста на основниот договор. Утврдената состојба не е во согласност со член 99 точка 2 од Законот за јавни набавки.
- Во текот на спроведувањето на постапката за набавка на стоматолошки потрошен материјал, со Одлука на Управниот Одбор на Стоматолошкиот клинички центар извршена е промена на тендерската документиција во делот на потребните количини за набавка, со што вредноста на количината која треба да се набави се намалува во вредност од 9.000 илјади денари, без притоа одговорното лице да донесе Одлука за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка. Утврдената состојба не е во согласност со член 169 од Законот за јавни набавки. Горенаведената состојба има за последица незаконски склучени договор во вкупен износ од 18.098 илјади денари и превземени обврски по истите во вкупен износ 7.032 илјади денари.

Несоодветното постапување во доделувањето на договорите за јавна набавка предизвикува можност од ненаменско и незаконско користење на средствата и необезбедување фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Стоматолошки клинички центар да ги задолжат вработените одговорни за спроведување на постапките за јавни набавки и доделувањето на договорите за јавни набавки, континуирано да ги превземаат потребните активности за надминување на утврдените состојби и обезбедат законско постапување во процесот на јавни набавки.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесените констатации во точките 4.2.6. и 4.3.3, кои се однесуваат на необезбедени достатни и соодветни податоци за вкупната залиха и вкупниот потрошок на лекови и стоматолошки потрошен материјал на ниво на одделение, односно воспоставената пракса издавањето на лекови и стоматолошки потрошен материјал од магацинот за потребите на одделните организациони единици (клиники) да се врши по пат на требовање и

испратници, при што веднаш се намалува залихите на стоматолошки потрошен материјал, без разлика што истите сеуште не се потрошени, се на залиха во пооделните организациони единици, како и проценувањето на билансите позиции кое не е вршено согласно сметководственото начело на парично искажување, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2.6. и 4.3.3., ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон" Скопје на ден 31 декември 2009 година.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2.2., 4.2.3., 4.2.4., 4.2.5., 4.2.7. и 4.5.1., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон" Скопје не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

Министерството за здравство на дел од јавните здравствени установи има издадено решенија за вршење на фармацевска дејност - Болничка аптека. Со издадените решенијата им се дозволува да основаат аптека, како вид на здравствена установа, по исполнувањето на условите согласно Законот за лекови, и тоа во однос на простор, опрема и кадар, врз основа на кое им се одобрува упис во Централен регистар на РМ.
Согласно наведениот закон, според местото и начинот на издавање, лековите, покрај тоа што се класифицираат како лекови што се издава во аптека со и без рецепт, постојат и лекови кои се употребуваат само во

здравствените установи, од што произлегува, неминовно потребата за постоење на болничка аптека во рамките на јавните здравствени установи, односно универзитетските клиники, клинички и општи болници, здравствените домови.

Ако се имаат во предвид следните аспекти:

- аптеките во Законот за здравствена заштита се предвидени како една од видовите на здравствени установи, самостојна установа, кои се основаат односно организираат за пружање на здравствена услуга, (член 95 од Законот за здравствена заштита),
- аптеката врши фармацевтска здравствена дејност, а особено врши набавка, сместување, чување, издавање, испитување и контрола на лекови, санитетски материјални средства и лековити супстанци, изработува магистрални лекови и галенски препарати, дава упатства за употреба на издадените лекови, набавува и издава средства за детска и диетална исхрана, ортопедски помагала, прибори и медицински инструменти, (член 111 од Законот за здравствена заштита) и
- во аптеките се врши промет на мало со лекови (член 82 од Законот за лековите),

можеме да констатираме дека наведените законски одредби се однесуваат за аптеките како самостојни здравствени установи, а не и за аптеките во состав на јавните здравствени установи, кои не вршат промет на мало туку истите се во функција на вршење на дејноста на јавната здравствена установата.

Согласно наведеното сметаме дека установите во соработка со надлежните органи, Министерството за здравство и Бирото за лекови потребно е да превземат иницијатива за дополна на законските решенија, во кои прецизно ќе се наведе начинот на организирање на болничките аптеки, нивниот статус во рамките на установата, видот и обемот на активности кои ќе ги вршат, односно нивните надлежности и одговорности.

Стоматолошки клинички центар во Статутот и Правилникот за организација и систематизација нема предвидено посебна организациона единица болничка аптека, за набавка, сместување, чување и издавање на лекови и санитетски материјални средства, ниту работно место со предвидени работи и работни задачи, права и обврски. Имајќи во предвид дека во здравствените установи најголемиот дел од набавките се однесува на лекови и медицински материјали, неопходно е во статутот или актот за организација на работата, да се предвиди посебно работно место, со соодветна стручна спрема, со работни задачи за снабдување,

сместување, чување, издавање и контрола на лекови, со соодветна стручна спрема заради непречено извршување на истите.

## 7. Нагласување на прашања на неизвесност или континуитет

7.1. Вкупните расходи за плати во текот на 2009 година изнесуваат 185.801 илјади денари. Ако се има во предвид дека буџетскиот плафон за 2009 година изнесува 103.124 илјади денари, произлегува дека Стоматолошкиот клинички центар не извршува доволен обем на здравствени услуги, со чие надоместување од страна на ФЗОМ ќе обезбеди доволен обем на средства за нивна исплата во наредните години, од причина што еден од критериумите за утврдување на буџетскиот плафон за наредната година претставува токму обемот на извршени здравствени услуги од мината година. Изворот на средства за покривање на целокупните расходи потребни за непречено функционирање, Стоматолошки клинички центар ќе треба да ги обезбедува со дополнителни средства со извршување на услуги за лица кои не се здравствено осигурани.

Исплата на дел од платата во 2009 година е извршена со средства од сметката на депонирани средства (точка 4.3.2.). Доколку органите за управување и раководење со Стоматолошки клинички центар не превземат активности за надминување на наведената состојба, односно за зголемување на обемот на извршени услуги преку зголемување на бројот на пациенти, со дефинирање на активности за нивно привлекување, разработени во годишен план за работа и развој, потенцираме дека Стоматолошкиот клинички центар за одреден времески период ќе стане неликвиден и ќе се доведе во прашање неговото функционирање.

7.2. Обрнуваме внимание дека Стоматолошки клинички центар се јавува како тужена страна во две судски постапки по основ на надомест на нематеријална штета и работен спор, каде вредноста во моментот на отпочнување на постапката е утврдена на износ од 520 илјади денари, и како тужител во една судска постапка по основ на предавање во владение во кои Стоматолошки клинички центар побарува вредност од 406 илјади денари. Во моментот на ревизијата конечниот исход од истите не е познат.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 43,965 | 61,446 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 130,598 | 145,146 |
| **Вкупно приходи** | | **174,563** | **206,592** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.3. | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.3.1. | 185,801 | 153,593 |
| Стоки и услуги | 3.3.2. | 56,038 | 63,700 |
| Каматни плаќања | 3.3.3. | 0 | 187 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **241,839** | **217,480** |
| **Капитални расходи** | 3.4. | | |
| Капитални расходи | 3.4.1. | 16,326 | 19,067 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **16,326** | **19,067** |
| **Вкупно расходи** | | **258,165** | **236,547** |
| **Непокриени расходи** | | **83,602** | **29,955** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2009 | | 2008 |
|---|---|---|---|---|
| | | | | во 000 денари |
| **Актива** | | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 2,827 | | 5,406 |
| Побарувања | 4.1.2. | 27 | | 14 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.3. | 0 | | 81,019 |
| Побарувања од вработените | 4.1.4. | 435 | | 422 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.5. | 591 | | 610 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.6. | 26,319 | | 12,852 |
| Залихи | 4.1.7. | 14,572 | | 13,257 |
| **Вкупно тековни средства** | | **44,771** | | **113,580** |
| **Постојани средства** | 4.2. | | | |
| Материјални средства | | 87,730 | | 80,567 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | | 75 | | 92 |
| **Вкупно постојани средства** | | **87,805** | | **80,659** |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | | 113,602 | | 29,955 |
| **Вкупна актива** | | **246,178** | | **224,194** |
| **Пасива** | | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3.** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 11,252 | | 1,733 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.3.2. | 431 | | 431 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 15,067 | | 11,137 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 618 | | 37 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **27,368** | | **13,338** |
| **Извори на средства** | **4.4.** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 218,810 | | 210,856 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **218,810** | | **210,856** |
| **Вкупна пасива** | | **246,178** | | **224,194** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2009 година** | **197,599** | **13,257** | **210,856** |
| **Зголемување по основ на:** | **19,007** | **22,273** | **41,280** |
| Набавки | 15,224 | 22,273 | **37,497** |
| Ревалоризација на материјални и нематеријални средства | 3,783 | - | **3,783** |
| **Намалување по основ на:** | **(12,368)** | **(20,958)** | **(33,326)** |
| Амортизација на постојани средства | (11,670) | | **(11,670)** |
| Расходување по попис | (698) | (85) | **(783)** |
| Потрошок | - | (20,873) | **(20,873)** |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **204,238** | **14,572** | **218,810** |

**ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКИ СТОМАТОЛОШКИ КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР**
*СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН - СКОПЈЕ*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 24.02.2011
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
09-191/8

Јавна здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКИ СТОМАТОЛОШКИ КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР
СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН
Бр. 03-455/1
21.02.2011 год
Скопје

**ДО**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Предмет: Приговор по доставен нацрт извештај за извршена ревизија бр. 10-191/1 од 17.01.2011 година**

Во врска со доставениот НАЦРТ-ИЗВЕШТАЈ бр. 10-191/1 од 17.01.2011 година за извршена ревизија од страна овластениот државен ревизор за констатираната состојба за несоодветно постапување во доделување на договорите за јавна набавка за периодот во 2008 и 2009 година, ги даваме следните забелешки:

**Забелешка на точка 4.5.1 алинеа 1.**
Немање изјави за конфликт на интереси потпишани од страна на членовите на КЈН- прифатена сугестија и истата е во тек на исправка ретроактивно до денес.

**Забелешка на точка 4.5.1 алинеа 2.**
Вршени набавки над 500 Евра во денарска противвредност во текот на еден месец. Во текот на месецот не може секогаш да се направи детален приказ и предвидување на потребите, а со оглед на обемна административна постапка околу спроведување на јавна набавка со минимум три понуди, соодветна тендерска документација, повлекува трошоци повисоки од вредноста на предметната набавка.

**Забелешка на точка 4.5.1 алинеа 3.**
Превземените обврски по договори за набавка на услуги без спроведена постапка за јавни набавки,произлегуваат од склучени договори од минати години со подолг рок на важење, потпишани од претходниот директор (пример: договорот за телефонски услуги 2006-2009-прилог кон забелешките). Раскинувањето на овие договори би предизвикало поголеми финансиски последици за установата имајќи ги предвид трошоците кои би настанале во поглед на плаќање по основ на пенали, судски трошоци и сл. По истекот на рокот на старите договори, се склучени нови со примена на соодветна постапка постапка согласно Законот за јавни набавки. Поради тоа, предлагаме констатираната состојба од страна на ревизорите да биде дополнета со објаснување за причините поради коии новоименованиот директор одговорен за работењето во 2009 година објективно не бил во можност да ја поправи состојбата со раскинување на договорите пред истекот на нивната важност.

Централа: ++ 389 2 3299 000
директор: ++ 389 2 3162 376
e-mail: skc@mt.net.mk
www.univdentalclinic.com.mk

ЈЗУ Универзитетски стоматолошки
клинички центар Св. Пантелејмон
Водњанска 17, 1000 Скопје
Република Македонија

University Dental Clinical Center
St. Pantelejmon
Vodnjanska 17, 1000 Skopje
Republic of Macedonia

++ 389 2 3299 000
Manager gen.: ++ 389 2 3162 376
e-mail: skc@mt.net.mk
www.univdentalclinic.com.mk

**Забелешка на точка 4.5.1 алинеа 4.**
Неизвршени промени во годишниот План за постапки спроведени во 2009 со определен износ, дел не се внесени а дел постојат без буквален препис како што се наведени во Планот а се однесуваат на иста намена.

**Забелешка на точка 4.5.1 алинеа 5.**
Во врска со двете постапки за набавка на канцелариски материјали и стоматолошки потрошен материал, каде се поднесени приговори од страна на еден незадоволен економски оператор, ставена е забелешка на комуникацијата, односно одговор по доставениот приговор од страна на КЈН која ја спровела постапката. Во двата случаи познато ни е дека треба да се достави предметот до Второстепената комисја по жалби за јавни набавки но истото не е сторено од следните причини:

1.1. во делот за канцелариски материјали доставен е приговор за белина на фотокопирна хартија, По постапка со прибирање на понуди со објавување оглас каде се содржани повеќе специфцирани ставки. Комисијата во комуникација со подносителот го решила недоразбирањето без инволвирање на институциите.

1.2. Понатаму, отворената постапка за набавка на стоматолошки потрошен материјал содржи **356 специфицирани ставки** каде секоја е предмет на евалуација поединечно. Во случајот, приговорот се однесува **само на една ставка** и истиот е решен без проблем. Доставувањето на предметот до Второстепената комисија по жалби за јавни набавки со комплетна документација од 12 економски оператори и чекање на дефинитивна одлука би траело долго време а недостаток на материјали би довел до застој во работниот процес.

**Забелешка на точка 4.5.1 алинеа 6.**
Забелешка за спроведена постапка за барање на прибирање на понуди со објавување на оглас за набавка да средства за хигиена и дезинфекција во износ од 1.500.000,00 денари која не соодвествува со донесената Одлука за набавка дека треба да биде применета отворена постапка. Кон Одлуката има Прилог во кој стои дека: поради реалната пазарна вредност на предметната набавка и потребните количини како и заостанати неиспорачани количини од претходни договори, вредноста на набавката нема да го достигне предвидениот износ за отворена постапка, заради што истата треба да се спроведе со постапка за барање на прибирање на понуди со објавување на оглас, што е секако транспарентно.

**Забелешка на точка 4.5.1 алинеа 7.**
Стоматолошки клинички центар не го известил Бирото за јавни набавки за склучен договор во износ од 580.000,00 денари са осигурителни услуги по спроведена постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас. Од страна на установата е доставен целокупниот 6-месечен извештај за сите спроведени постапки. Наведената постапка не е евидентирана поради постоење на повеќе полиси со квантитативно обемни податоци и бројки кои поради системската слабост во интернет конекцијата со електронскиот систем за јавни набавки со денови не сме биле во можност да ги внесеме сите податоци, а целокупната постапка е во целост уредно спроведена.

**Забелешка на точка 4.5.1 алинеа 8.**
Потпишан анекс на договор за набавка на стоматолошки потрошен материјал во вредност повиока од 30% од основниот договор, поради причина што е зголемена динамика на потрошувачка а во голем број случаи понудувачот бил единствен при доставување на понуда. Констатирано дека во интерес на пациентите е да се постапи на начин на кој е постапено до спроведување на следна постапка.

**Забелешка на точка 4.5.1 алинеа 9.**
При реализација на постапката за набавка на стоматолошки потрошен материјал за 2008 година донесена е Одлука од страна на Управниот одбор за намалување на вредноста на набавката во вредност од 9.000.000,00 денари по отварање на понудите. Огласот е објавен во период кога со установата раководи само заменик директор, понудите се отворени кога веќе се именува нов Директор. Причина поради која директорот д- Назми Дераи инсистира на ваква одлука е квантитативна пресметка со компарација на потрошен материјал и направени услуги при што врз основа на познавање на проблематиката реагира на економска неоправданост, односно енормно трошење на висококвалитетни материјали без финансиска релизација. Поништување на постапката согласно одредбите на Законот за јавни набавки заради промени во тендерската документација (НАМАЛУВАЊЕ НА КОЛИЧИНИ) , значи започнување на нова постапка која не може да заврши за период пократок од три месеци не земајќи ги предвид можностите за жалби од страна на економските оператори. Процесот на работа во здравствена институција не може да запре за тој период во интерес на пациентите. А во случајот, како понудувачи ќе се јават истите економски оператори со рекации за веќе јавно објавени цени, затоа сто не се работи за менлива категорија на набавка туку за конкретни артикли. Реално, законот треба да се почитува но во случајот исходот би бил далеку понеповолен во интерес на здравјето на пациентите.

Во секој случај, и по поднесениот извештај и во текот на комуникацијата при разгледување на документацијата од страна овластениот државен ревизор, **нашата администрација е спремна да ги прифати наведените сугестии заради усогласување со законските одредби и истите да ги почитува, но сметаме дека треба да постои еластичност во поодделни случаи каде е очигледно дека со конкретно постапување во одделна постапка нема позадина за незаконско делување.**

Изготвил,

Дипл.прав. Г. Максимовска

**Одговорно лице**

**д-р Ариан Даци**

**дипл. Ек. Дејан Илиоски**

**Прилог број 4**

**Одговор**
**на забелешките на Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Раководното лице, законскиот застапник на субјектот за периодот за кој е вршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон" Скопје (во натамошниот текст Стоматолошки клинички центар) за 2009 година, на ден 24.02.2011 година достави Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, кои се заведени под број 09-191/1 од 24.02.2011 година.

Овластениот државен ревизор ги разгледа доставените забелешки и констатира дека забелешката на точката 4.5.1. **не се прифаќа** поради тоа што доставените забелешки претставуваат информирање за причините за утврдените состојби, без притоа да се презентираат веродостојни докази со кои ќе се оспорат или променат утврдените состојби од страна на ревизијата.

Детални објаснувања за дадените забелешки се презентирани во продолжение како што следува:

1. Упатената забелешка на **точка 4.5.1.** која се однесува на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки **не се прифаќа,** и тоа:
   - во делот на алинеја 1 која се однесува на утврдената состојба дека Членовите на Комисијата за јавни набавки немаат потпишано Изјави за постоење или непостоење на судир на интерес, претставува известување за постапување во наредната година, односно во 2011 година;
   - во делот на алинеја 2 која се однесува на утврдената состојба дека вршени се набавки на стоки, работи и услуги во износ поголем од 500 евра месечно, без да спроведе постапки за јавна набавка. Законскиот застапник во прилог на забелешките не достави докази со кои ќе ги оспори или промени утврдените состојби од страна на ревизијата, односно во самите забелешки се наведуваат причините за утврдените состојби;
   - во делот на алинеја 3 која се однесува на утврдената состојба дека се превземени обврски во вкупен износ од 3.468 илјади денари, по склучени договори за набавка на услуги без спроведена постапка за јавна набавка. Законскиот застапник во прилог на забелешките не достави докази со кои ќе ги оспори или промени утврдените состојби од страна на ревизијата, односно во самите забелешки се наведуваат причините за утврдените состојби;

- во делот на алинеја 4 која се однесува на утврдената состојба дека не е извршена измена и дополна на Годишниот план за јавни набавки за 2009 година за спроведени 3 постапки за јавна набавка во износ од 839 илјади денари. Законскиот застапник во прилог на забелешките не достави докази со кои ќе ги оспори или промени утврдените состојби од страна на ревизијата, односно во самите забелешки се наведуваат состојби кои овластениот државен ревизор ги утврди во текот на вршењето на ревизијата;
- во делот на алинеја 5 која се однесува на утврдената состојба дека во 2 спроведени постапки за јавна набавка на канцелариски материјали и стоматолошки потрошен материјал во вкупен износ од 18.044 илјади денари до Комисијата за јавна набавка при Стоматолошки клинички центар поднесени се приговори од страна на незадоволните економски оператори од постапката, по кои одлучила Комисијата за јавна набавка. Економските оператори и Стоматолошки клинички центар приговорите не ги доставиле во вид на жалба до Државна комисија за жалби по јавни набавки. Законскиот застапник не достави дополнителни докази со кои ќе ги оспори или промени утврдените состојби од страна на ревизијата, односно во самите забелешки се наведуваат причините за утврдените состојби;
- во делот на алинеја 6 која се однесува на утврдената состојба дека спроведена е постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас во износ од 1.500 илјади денари, што не е во согласност со видот на постапката наведен во донесената Одлука за јавна набавка, во која е наведено дека набавката ќе се спроведе по пат на отворена постапка. Законскиот застапник во прилог на забелешките не достави докази со кои ќе ги оспори или промени утврдените состојби од страна на ревизијата, односно во самите забелешки се наведуваат причините за утврдените состојби, кои овластениот државен ревизор ги имаше во предвид во текот на вршењето на ревизијата;
- во делот на алинеја 7 која се однесува на утврдената состојба дека Стоматолошки клинички центар не го известил Бирото за јавни набавки за склучен договор во износ од 580 илјади денари по претходно спроведена постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас за набавка на осигурителни услуги. Законскиот застапник во прилог на забелешките не достави докази со кои ќе ги оспори или промени утврдените состојби од страна на ревизијата, односно во самите забелешки се наведуваат причините за утврдените состојби;
- во делот на алинеја 8 која се однесува на утврдената состојба дека склучен е анекс на договор за јавна набавка за дополнителна набавка на стоматолошки потрошен материјал во износ од 628 илјади денари, односно вредноста на дополнителните набавки ги надминува законски дозволените 30% од вредноста на основниот договор. Законскиот застапник во прилог на забелешките не достави докази со кои ќе ги

оспори или промени утврдените состојби од страна на ревизијата, односно во самите забелешки се наведуваат причините за утврдените состојби и

- во делот на алинеја 9 која се однесува на утврдената состојба дека во текот на спроведувањето на постапката за набавка на стоматолошки потрошен материјал, со Одлука на Управниот Одбор на Стоматолошкиот клинички центар извршена е промена на тендерската документација во делот на потребните количини за набавка, со што вредноста на количината која треба да се набави се намалува во вредност од 9.000 илјади денари, без притоа одговорното лице да донесе Одлука за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка. Законскиот застапник во прилог на забелешките не достави докази со кои ќе ги оспори или промени утврдените состојби од страна на ревизијата, односно во самите забелешки се наведуваат причините за утврдените состојби.